Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.11.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за отстапување на користење и управување на "Градски зелен пазар" на Јавно претпријатие "Кратово" - Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за отстапување на користење и управување на "Градски зелен пазар" на Јавно претпријатие "Кратово" - Кратово бр.09-1412/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 10.11.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1416/1
10.11.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 9 став (2) од Законот за за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.44/2015) и член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), а во врска со критериум 2 од Договор за под-заем бр.МСИП/55, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 10.11.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

**за отстапување на користење и управување на "Градски зелен пазар" на Јавно претпријатие "Кратово" - Кратово**

**I.** Со Одлуката се отстапува на користење и управување "Градскиот зелен пазар" на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" - Кратово на временски рок од 15 години.

**II.** Општина Кратово ќе потпише Договор со ЈП "Кратово" во кој ќе се дефинираат улогите, правата одговорностите и обврските за секоја страна во врска со услугите што ги обезбедува Јавното претпријатие во име на општината. Во Договорот ќе бидат дефинирани: областа на услугите што ја покрива ЈП, мерките на минимален квалитет, финансиските и техничките капацитети, структурата на управување, пресметување на тарифата и др.

**III.** ЈП "Кратово" се задолжува да поднесува редовен квартален извештај за функционирањето на "Градски зелен пазар".

**IV.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1412/1
10.11.2017 г.
Kratovo

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.